Врз основа на член 39 точка 1 од Законот за локална самуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) Претседателот на Советот на општина Конче донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 6-та седница на Советот на општина Конче.

Седницата ќе се одржи на ден 17.02.2022 год.(четврток) со почеток во 10:00 часот во просториите на општина Конче.

За седницата го предлагам следниот :

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-Одлука за издавање под закуп пат на електронско јавно наддавање на дел од деловна зграда во сопственост на општина Конче, КП број 2572 КО Ракитец, (Имотен лист 87);
2. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства за традиционално обележување на Стара нова година ( Василичарски огнови) во сите населени места во општина Конче;
3. Предлог-Одлука за набавка на два телефони како награда за лицата кои го фатиле крстот на ден Богојавление-Водици во с. Конче и с.Д.Липовиќ;
4. Предлог-Одлука за основањето на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Конче;
5. Извештај за извршен попис на основни средства и ситен инвентар и нивните извори во органите на општина Конче со состојба 31.12.2021 година број 01-223/3 од 08.02.2022 г.;
6. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Конче за 2022 година.
7. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршувањето на Буџетот на општина Конче за 2022 година;
8. Предлог-Одлука за основањето на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Конче;
9. Предлог-Одлука определување критериуми за доделување на еднократна помош за родители при раѓање на новоороденче/прво второ, трето дете и еднократна помош за склучување на бракови на лица момче/девојка постари од 35 години од општина Конче.

- Разгледување на барања;
- Советнички прашања;

Број 08- 202/1
Дата 04.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,с.р.